Оглас
Среднорочен експерт за набавки и спречување корупција
Проект финансиран од ЕУ "Поддршка на ЕУ за владеење на правото"

Работодавач:	Агенција за европска интеграција и економски развој (АЕИ)
Локација:	Скопје, Република Северна Македонија
Вид:	среднорочен експерт
Очекуван почеток:	ноември 2021
Очекувано времетраење:	25 работни денови, ноември 2021 – февруари 2022

КОНТЕКСТ

Среднорочниот експерт ќе работи како дел од тимот за имплементација на грантот доделен од страна на Европската Унија „Поддршка на ЕУ за владеење на правото'' во Република Северна Македонија. Проектот се спроведува од страна на искусно меѓународно партнерство под раководство на Агенцијата за европска интеграција и економски развој (АЕИ) и тројцата партнери – Министерството за правда и администрација на Република Хрватска, Министерството за внатрешни работи на Република Австрија и Институтот за основни и човекови права Лудвиг Болтцман. **Компонентата 3** ја имплементира следната следната конкретна цел: Подобрување на превенцијата и борбата против корупцијата.
Еден од очекуваните резултати на Компонентата 3 е - "Превенција на корупцијата при јавните набавки". Една активност во рамките на овој резултат е посветена на мапирање на состојбата кај набавките. Среднорочниот експерт ќе го поддржи спроведувањето на активноста: "Проценка на постојниот систем за е-набавки, процеси, контролни мерки, итн."

Среднорочниот експерт во областа на набавките и спречувањето корупција ќе обезбеди проценка на тековната состојба во спречување корупција при јавните набавки и ќе изготви конкретни предлози и препораки со цел подобрување на превенцијата на корупцијата при јавните набавки, и со тоа создавање на ефикасен систем (вклучувајќи, меѓу другото, прописи, процеси, ИКТ систем и активности за подигање на свеста).

This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ

Среднорочниот експерт директно ќе одговара пред лидерот на компонентата 3. Лидерот на компонентата и среднорочниот експерт ќе одржуваат состаноци еднаш неделно или еднаш на две недели. Целта на овие состаноци е внимателно да се следи работата на експертот и да се биде информиран за сите клучни наоди од значење за другите очекувани резултати на компонентата/проектот. Но, исто така, ќе имаат за цел и да се координираат состаноците така што лидерот на компонентата и/или асистентот на компонентата ќе може да присуствуваат, доколку се смета дека е потребно.

Среднорочниот експерт ќе истражува и ќе го изготви извештајот преку состаноци со клучните засегнати страни на раководно и на оперативно ниво и анализа на извештаи, процедури, прописи, системи, итн.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Среднорочниот експерт, во првата фаза, ќе подготви извештај за мапирање на состојбата во однос на постоечките прописи, прекршувања, чинители и антикорупциски мерки за спречување на корупцијата при јавните набавки. Овој извештај ќе се сподели за добивање коментари и за него ќе се разговара главно со Државната комисија за спречување корупција, Бирото за јавни набавки, Државниот завод за ревизија и Кабинетот на заменик претседателот на владата задолжен за борба против корупцијата и криминалот, оддржлив развој и човечки ресурси. Потоа, во втората фаза, среднорочниот експерт ќе изготви добро дефинирани предлози и препораки за понатамошно подобрување на спречувањето на корупцијата при набавките во Република Северна Македонија. Целосниот извештај мора да биде со таков квалитет да може да го користат главните јавни органи одговорни за спречување на корупцијата при јавните набавки.

Конечниот извештај, меѓу другото, ќе содржи и проценка на постојниот електронски ситем за јавни набавки во однос на несакани последици, на пример, можности за заобиколување, дупки, отпор кон промени од страна на вработените, оневозможување на длабинска анализа или зголемена сложеност. Покрај тоа, ќе се оценат мерките за транспарентност, надзор и контрола на целиот процес на набавки. Конечно, експертот ќе ги оцени воспоставените мерки за градење интегритет, особено за службениците за набавки. Во сите гореспоменати области, експертот ќе предложи конкретни мерки за ублажување на идентификуваните недостатоци, ризици и/или слабости.

This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

БАРАЊА

- Минимум 20 години работно искуство.
- Магистер по финансии, економија, јавна администрација, право, политички науки или сродна област.
- Одлично познавање на македонскиот и англиски јазик (писмено и усно).
- Одлични усни и пишани вештини на комуникација и презентација, чувствителност на политичкото опкружување, одлични аналитички вештини, прагматичен пристап, силни во стратешко размислување и оперативно планирање.
- Одлично познавање на македонската правна рамка за јавни набавки, процеси и системот за е-набавки на Северна Македонија.
- Докажано искуство во совети за политики, истражување и анализа на прашања поврзани со јавните набавки во Северна Македонија.
- Искуство во известување и/или оценување на антикорупцијата во јавниот сектор во Република Северна Македонија.

ПРЕДНОСТИ

- Одлично познавање на албански јазик (писмено и усно)
- Искуство и/или знаење за набавките во деловниот сектор во Република Северна Македонија.
- Познавање на правната рамка за јавни набавки на ЕУ и Западен Балкан.
- Практично искуство во формулирање политики на високо ниво, правна анализа, институционална реформа и реформа на државните служби и спречување корупција.

ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ

Апликациите мора да бидат испратени до dragan.kovacevic@aei.at и lena.andersson@rol.mk до 01.11.2021 година, со назнака „Среднорочен експерт за набавки и спречување корупција" - во насловот на пораката, вклучувајќи Europass формат на CV (кратка биографија) и мотивациско писмо на англиски јазик. Апликациите кои ќе бидат испратени по истекот на рокот или непотполните апликации нема да бидат земени предвид. Само кандидатите селектирани во потесен круг ќе бидат повикани на интервју.

Избраниот експерт ќе потпише договор за услуги со проектот. Единствената негова/нејзина одговорност ќе биде да ги исполни сите законски барања на овој договор, како и да ги покрие сите поврзани даноци и давачки.

This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU